# Правила за користење на секцијата

## „Советувајте се со гинеколог“

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: При поднесување на формуларот за учество, Корисникот се обврзува да ги прифати сите одредби од подолу наведените Правила за користење, во врска со учеството во секцијата „Советувајте се со гинеколог“. Во исто време, корисникот се обврзува дека е запознаен и ги прифаќа Правилате за користење и Политиката за приватност на веб-страницата ПРЕМАМА ДУО.

## 1 Дефиниции

1.1 **„Организатор“** на секцијата „Советувајте се со гинеколог“ е АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ, бул. Александар Македонски 12, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.

1.2 **„Уредници“** на веб-страницата ПРЕМАМА ДУО се избрани вработени од АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ одговорни за веб-страницата ПРЕМАМА ДУО, вклучувајќи ја и секцијата „Советувајте се со гинеколог“.

1.3 **„Експерт“** на секцијата „Советувајте се со гинеколог“ е стручно лице од обласата на гинекологијата, внимателно избран од Организаторот, кој ќе одговара на прашањата поставени од корисниците на оваа секцијата.

1.4 **„Корисници“** на секцијата „Советувајте се со гинеколог“ се физички лица со постојан престој во Северна Македонија, кои сакаат да учествуваат во оваа секција и успешно го доставиле Формуларот за учество објавен на веб-страницата ПРЕМАМА ДУО.

**(!)** Корисниците што сакаат да учествуваат во оваа секција **мора да бидат постари од 18 години (!)**

1.5 **„Податоци за здравјето“** е информација што се однесува на здравствениот статус на некое лице. Корисниците се свесни дека информациите за нивното здравје се сметаат за чувствителни лични податоци (посебна категорија лични податоци).

## 2 ОПШТИ ОДРЕДБИ

2.1 „Советувајте се со гинеколог“е посебна секција во рамки на веб-страницата ПРЕМАМА ДУО што им овозможува на Корисниците да разговараат со експерти на теми поврзани со здравјето (гинекологија) и производот ПРЕМАМА ДУО.

2.2 Овие Правила се објавени на веб страницата ПРЕМАМА ДУО, и со нив се утврдуваат Правилате за учество во оваа секција.

2.3 Прашањето (Формулар за учество) /Одговорот што Корисникот ќе го достави / прими преку Формуларот за учество како функционален дел од секцијата „Советувајте се со гинеколог“, нема да биде објавен на ниедно друго место, туку ќе може само да ги види и обработи Организаторот и Експертот (во оналкава мера колку што е потребно за да се подготви одговорот како дел од **дискусијата** помеѓу Корисникот и Организаторот / Експертот).

## 3 КАКО ФУНКЦИОНИРА „СОВЕТУВАЈТЕ СЕ СО ГИНЕКОЛОГ“?

3.1 Секцијата „Советувајте се со гинеколог“ е бесплатна - што значи дека и прашањата поставени од корисниците и одговорите од Експертите / Организаторот се бесплатни.

3.2 **Формулар за учество**

3.2.1 Корисникот може да учествува во оваа секција со поставување прашање преку правилно и целосно пополнет Формулар за учество објавен во делот „Советувајте се со гинеколог“ на веб-страницата на ПРЕМАМА ДУО („**Формулар за учество**“). Поднесувањето се извршува со притискање на копчето „испрати“.

3.2.2 Формуларот за учество бара од корисниците само да ја доставаат својата **е-пошта**, која служи како точка за контакт помеѓу Корисникот и Организаторот и **прашање до Експертот** (што може да содржи лични здравствени податоци).

3.2.3 Организаторот ќе вложи максимални напори да обезбеди анонимност, доверливост и заштита на податоците дадени во Формуларот за учество. Како и да е, со цел да се задржи што е можно поголема анонимност и заштита на личните податоци на Корисникот, Организаторот го советува Корисникот да му достави на Организаторот / Експертот што е можно помалку податоци.

3.2.4 Корисникот кој доставува Формулар за учество **се согласува**:

- со Правилате за користење и Политиката за приватност на веб-страницата ПРЕМАМА ДУО и Правилате за користење на секцијата „Советувајте се со гинеколог“,
- дека Формуларот за учество заедно со сите податоци (кои може да вклучуваат лични податоци) дадени во него, е доставен на основ на слободно искажана волја, и за целите предвидени во точка 2.1,
- дека Организаторот и Експертот можат да обработуваат податоци дадени во Формуларот за учество за целите дадени во точка 2.1,
- Организаторот може да ги проследи податоците на Корисникот доставени во Формуларот за учество  до Експертот за целите предвидени во точка 2.1,
- дека сите лични податоци наведени во Формуларот за учество се лично на Корисникот и дека истиот не настапува во име на ниту една трета страна,

- дека Корисникот ќе ги третира информациите обезбедени од Организаторот и Експерт како доверлива информација и нема да ги открие на трети лица без претходно писмено одобрување од Организаторот и / или Експертот.

3.3 **Одговори од Експерти**

3.3.1 Прашањето поднесено од Корисникот преку Формуларот за учество („Прашање“) го примаат и обработуваат Уредниците. Организаторот го задржува правото да не ги разгледува Прашањата за кои Уредниците ќе утврдат дека се непристојни, вулгарни, со говор на омраза итн.

3.3.2 Уредниците го проследуваат Прашањето до Експертот, кој потоа подготвува одговор и го испраќа до Уредниците.

3.3.3 Уредниците го обработуваат одговорот и го испраќаат до Корисникот преку е-пошта дадена во Формуларот за учество. Одговорот се состои од:
- Прашањето на Корисникот
- Експерт кој го подготвил одговорот: име, презиме, назив, специјализација, институција на Експертот.
- Одговор на Експерт.

3.3.4 Доколку Корисникот бара понатамошна дискусија со експерт, корисникот треба да достави ново прашање преку Формуларот за учество, кое ќе се обработи како што е наведено во точката 3.2.

3.3.5 Организаторот ќе вложи максимални напори да за потребите на секцијата Советувајте се со гинеколог секогаш има достапен Експерт, но со оглед на тоа што Експертите може да не бидат секогаш достапни, може да дојде до мали одлагања во временските рамки во комуникацијата.

3.4 **Одрекување од одговорност**

3.4.1 Организаторот нагласува и Корисникот потврдува дека информациите (одговорите) дадени од Експертите и Организаторот служат само за информативни цели и на било кој начин немаат цел да дадат стручен медицински совет или упатство за третман на која било здравствена состојба. Корисниците треба да побараат сигурен медицински совет од нивниот личен лекар во врска со какви било прашања поврзани со нивното здравје.

3.4.2 Организаторот не дава никакви гаранции и не дава никакви изјави (изразени или имплицитни) во врска со точноста, комплетноста и релевантноста на какви било информации презентирани на Корисникот како дел од оваа секција и одбива било каква одговорност во врска со ова.

## 4 ПОЛИТИКА ЗА ПРИВАТНОСТ ВО ВРСКА СО „СОВЕТУВАЈТЕ СЕ СО ГИНЕКОЛОГ“

4.1 Организаторот како контролор на податоци на личните податоци на Корисникот што се предмет на „Советувајте се со гинеколог“, им гарантира на Корисниците дека нивните лични податоци ќе бидат чувани и заштитени во согласност со Законот за заштита на личните податоци и внатрешните политики за заштита на податоците.

4.2 Подолу се дадени информации доставени до Корисниците во врска со обработката на лични податоци како дел од секцијата „Советувајте се со гинеколог“.

4.3 **Контролор на податоци:**

- Организатор: АЛКАЛОИД АД Скопје
- Офицер за заштита на личните податоци е-пошта на: ozlp@alkaloid.com.mk.

4.4 **Субјекти на податоци:**

- Корисници на секцијата „Советувајте се со гинеколог“

4.5 **Категории на лични податоци:**

- Податоци доставени до Организаторот директно од Корисникот преку Формуларот за учество (е-пошта): *е-пошта, прашање (кое може да содржи здравствени лични податоци), други податоци обезбедени директно и слободно од Корисникот.*

4.6 **Цел на обработка:**

- **Управување со дискусијата** (Прашање/Одговор) помеѓу Корисникот и Организаторот / Експертот во рамките на секцијата „Советувајте се со гинеколог“.
- **Техничко одржување** на секцијата „Советувајте се со гинеколог“ и веб-страницата ПРЕМАМА ДУО.
- Кога Организаторот има намера понатаму да ги обработува личните податоци на Корисникот за друга цел поразлична од онаа за која се собрани личните податоци, Организаторот ќе му обезбеди на Корисникот пред понатамошната обработка информации за таа друга намера и било која друга релевантна дополнителна информација, согласно Законот за заштита на личните податоци.

4.7 **Правна основа за воспоставување евиденција за активности за обработка на податоци:**

- Со поднесување на Формуларот за учество, Корисникот даде **СОГЛАСНОСТ** за обработка неговите лични податоци за учество во секцијата „Советувајте се со гинеколог“, во согласност со Закон за заштита на личните податоци

4.8 **Категории на приматели на лични податоци:**

- Експерти, со цел да обезбедат одговори за секцијата „Советувајте се со гинеколог“.

- наши даватели на ИТ услуги за оддржување на веб-страници, сервери и други консултанти кои би биле задолжени заради управување со веб-страницата и нејзините карактеристики,

Во врска со ова, ве молиме имајте предвид дека иако податоците дадени како дел од оваа секција може да доведат до идентификација на Корисникот, примателите нема да ги користат овие податоци за да го сторат тоа.

4.9 **<u>Времетраење на задржување на податоците:</u>**

- Информациите обработени од Организаторот / Експерт врз основа на согласност на Корисникот дадени преку Формуларот за учество, ќе бидат задржани сè додека Корисникот не ја повлече СОГЛАСНОСТА за обработка на лични податоци, согласно Закон за заштита на личните податоци
- Сите други податоци ќе бидат задржани сè додека не се исполни целта на обработката.
- За да ги остварат своите права, Корисниците можат да контактираат со Офицерот за заштита на лични податоци

4.10 **<u>Пренос на лични податоци во трета земја или во меѓународна организација:</u>**

- Податоците не се пренесуваат во трета земја или меѓународна организација.

4.11 **<u>Преземени мерки за заштита на личните податоци:</u>**

АЛКАЛОИД АД Скопје ги презема сите пропишани технички и организациони мерки за обезедување на тајност и заштита при обработката на личните податоци со кои располага, заради спречување неовластен пристап, неовластено откривање, или евентуална злоупотреба на податоците. Нашите вработени се должни да постапуваат во согласност со нашата интерна политика за заштита на податоците, а нашите партнери се договорно обврзани со договори за обработка на лични податоци, во согласност со важечките прописи за заштита на личните податоци.

Ниту АЛКАЛОИД АД Скопје, ниту партнерот нема да ги отстапат вашите лични податоци на трети страни во било каква форма, освен ако за тоа не добиеме ваша согласност или доколку не сме законски обврзани да го направиме тоа.

4.12 **<u>Права на субјектите на податоци:</u>**

- Корисниците ги имаат следниве права во однос на нивните лични податоци обработени како дел од секцијата „Советувајте се со гинеколог“:
    - право во секое време да ја повлечат нивната согласност (дадена преку Формулар за учество), без да се влијае на законитоста на обработката на податоците врз основа на согласност пред нејзиното повлекување;
    - право на добивање информации за нивните податоци и право на пристап до нивните лични податоци,
    - право на исправка или бришење,
    - право на ограничување на обработката,
    - право на преносливост на податоци,

   - право на приговор на обработка,
   - право на поднесување жалба до надзорен орган.
- За да ги остварат своите права или да добијат какви било информации во врска со нивните права поврзани со обработка на лични податоци од страна на Организаторот, Корисниците можат да контактираат со Офицерот за заштита на лични податоци.

# 5 ПРОМЕНИ НА ПРАВИЛАТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ И ПОЛИТИКАТА НА ПРИВАТНОСТ

Политиката за приватност (вклучително делот за колачиња) можат да бидат изменети во било кое време без претходна најава. Ваквите промени ќе стапат во сила штом бидат објавени на оваа веб-страница. Им препорачуваме на корисниците на веб -страницата редовно да ги прегледуваат Политиката за приватност и условите за нејзиното користење за да бидат запознаени со најновите промени.

## 5.1 Датум на последната ажурирана верзија: Скопје, 20.10.2020.